РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-867/2

17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата број 12-867/1 од 22.02.2024 година, во која се укажува на корупција и злоупотреба на службени овластувања на раководни и вработени лица во Општина ---------- ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлука по предмет со идентични наводи.

Предметот со број 12-867/1 од 22.02.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 22.02.2024 година, поднесена е пријава во која се укажува на корупција и злоупотреба на службени овластувања на раководни и вработени лица во Општина ---------- ----------. Во пријавата се наведува дека заради испитување на случај корупција и злоупотреба на службени овластувања на раководни и вработени лица во Општина ---------- ----------, а во постапка на изработување, донесување и спроведување на урбанистичкиот план за односната месност, како и во постапката за издавање

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

одобрение за градба и утврдување на нејзината исправност, подносителот веќе и претходно доставил претставка на ден 23.08.2023 година, но до ден денес не му било одговорено.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по идентични наводи како од посочената пријава во предмет со број 12-3998/1 од 21.08.2023 година оформен по пријава од истиот подносител, а по кој на 97-та седница одржана на 27.12.2023 година, донесена е одлука со број 12-3998/8 од 29.12.2023 година со која постапката се запира, од причина што согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по случајот бидејќи било постапено и биле преземени мерки од страна на надлежен орган.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З, раководител
Одобрил: м-р Б.Џ Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата